| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сообраќајот во мојот град |
| **Содржина на денот** | Како се движиме по улица |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Прошетка и разговор за значењето на прошетките во природа и на чист воздух |
| **Активности** | Поразговарајте со Вашите деца за некоја прошетка низ град на која сте биле заедно, поразговарајте каде и како преминавте улица. Како правилно се движиме по улица, каде има тротоар, а како се движиме кога нема. Објаснете дека кога има тротоар, правилно е да се движиме по десната страна, а кога нема тротоар се движиме по левата страна на улицата. Демонстрирајте слики или најубаво е да отидете на прошетка со Вашето дете до блискиот парк и заедно да се движите по тротоарот, да се запознае детето со изгледот на пешачкиот премин и како да се поминува на него. (слика 1).<br><br>Објаснете им што е пешачки премин и дека со друго име се вика и зебра затоа што личи на животното зебра. По пешачки премин одиме со побрз чекор, не треба да трчаме. (слика 2)<br><br>Објаснете ја улогата на семафорот во сообраќајот и значењето на светлосните сигнали. Кажете им дека има семафори кои испуштаат звуци и служат за слепите луѓе да знаат кога треба да ја минат улицата. (слика 3).<br><br>Повторете го сето ова практично, на следната прошетка. |